# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „Димитар Влахов“ с.Љубојно Ресен  период 2022- 2024  година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161 од 5.8.2019 година) Општинското основно училиште „Димитар Влахов“ с.Љубојно Ресен   изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022- 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 26.06.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: **Менде Темелковски – Директор, Дивна Темелковска – Наставник, Оливера Темелковска – Психолог, Билјана Трајковска – Родител, Ѓуле Муедини – Родител.**

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот јуни- октомври 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Билјана Фузевска<br>2. Јетмир Абдулаи<br>3. Горан Јончевски<br>4. Наташа Стојковска<br>5. Аница Симоновска<br>6. Сузи Ќоропановска |
| 2. Постигања на учениците | 1. Јулијана Пановска<br>2. Генц Седалиу<br>3. Вангел Крстиновки<br>4. Ивица Андоовски<br>5. Егзона Адеми |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Павлина С. Мицалевска<br>2. Наџие Шерифи<br>3. Сузана Луловска<br>4. Ирена Икономовска<br>5. Весна Саљамовска (Еленчевска)<br>6. Тодорче Тановски |
| 4. Управување и раководење | 1. Натали Шутурковска<br>2. Никола Чаловски<br>3. Бесим Бесими<br>4. Мери Наумовска<br>5. Деса Трајчевска<br>6. Павел Митревски |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи

на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 29.10.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето им обезбедува обуки на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Голем број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет. Поголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Голем број од испитаниците сметаат дека во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи (советници од БРО и просветни инспектори). Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др. Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) Наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците. Најголем дел од задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна |

прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаниците ученици и родители. Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на високо ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставниците и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план. Најголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот.

Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.

Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Училиштето планира и реализира разновидни вонnаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, и со оглед на резултатите тие се доволно јасни и презентирани пред учениците.

Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани голем број на активности во рамките на воннаставните активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

Најголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците.

Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем.

Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците.

Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.

На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Најголем дел од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.

Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

Сите наставници применуваат формативно и сумативно оценување.

**Слаби страни**

**Мал дел од наставниците и учениците учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво , како и во други активности со натпреварувачки карактер.**

**Учениците не учествуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставни активности.**

**Училиштето нема пристапна рампа и не е прилагодено за лица со телесна попреченост.**

**Приоритети**

**Креирање постапки за мотивирање наставниците и учениците да учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво , како и во други активности со натпреварувачки карактер.**

**Вклучување на учениците во подготвувањето и планирањето на воннаставни активности.**

**Изградба на пристапна рампа во соработка со општината.**

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети,

за сите квалификациски периоди.

Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.

На Наставничкиот совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и

се предлагаат активности за подобрување на истиот. На состаноците на Наставничкиот совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот.Училиштето планира и превзема активности за подобрување на постигањата на учениците.

Преку следење на напредокот на учениците, набљудување и проценка од страна на наставниците и стручнатата служба, преку разговори со одделенските раководители и родителите се идентификуваат учениците со тешкотии во учењето.

Врз основа на спроведеното испитување на наставниот кадар се утврдува дека училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и се согласуваат дека училиштето успешно врши идентификување на надарените ученици, односно учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области и постојано организира додатна настава за овие ученици. Сите испитаници (родители/старатели) сметаат дека редовно добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период.

Информирањето на родителите за напредокот на секое дете се врши преку утврден систем за известување кој означува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајки и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно.

Се користат формални и неформални средби, односно редовни и вонредни родителски средби и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. Редовните родителски средби се одржуваат по однапред утврден ред на кои родителите се запознаваат со општиот успех на учениците, дисциплината и однесувањето на учениците како и мерки за подобрување на постигањата и информации на родителите во врска со тековни прашања.

Училиштето континуирано ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствата од наставата. Редовноста на учениците е на високо ниво.

Советувањата на родителите се спроведува според програмата за советување.

Учениците и родителите се советуваат доколку:

- ученикот во текот на наставната година истовремено има негативна оценка по три или

повеќе предмети,

- ученикот има направено повеќе од десет неоправдани изостаноци,

- ученикот го навреди наставникот,

| |
|---|
| - ученикот учествува во различни форми на насилство,<br><br>- ученикот покажува антисоцијално (девијантно) и асоцијално однесување,<br><br>- ученикот предвреме го напушти образованието,<br><br>- ученикот користи говор на омраза и<br><br>- во краток период на ученикот значително му се намали успехот.<br><br>Се изработуваат извештаи од советувањето кои родителите ги добиваат на увид и своерачно ги потпишуваат.<br><br>Досегашната пракса покажала дека советувањето во нашето училиште се врши најчесто индивидуално поради малиот број на ученици.Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.<br><br>Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области. |
| **Силни страни**<br><br>**Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.**<br><br>**Училиштето успешно ги идентификува учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.**<br><br>**Училиштето ги известува родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.**<br><br>**Редовноста е на високо ниво на учениците во нашето училиште .**<br><br>**Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.**<br><br>**Во текот на целата година се организира дополнителна настава.** |
| **Слаби страни**<br><br>**Наставниците немаат посетено обука за идентификација на надарени и талентирани ученици.** |
| **Приоритети**<br><br>**Да се организира обука за идентификација на надарени и талентирани ученици**. |

| |
|---|
| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето има изградено препознатлив имиџ во општината и успешна соработка со локалната заедница. Има здрава<br><br>училишна клима која претставува уредна, пријатна и мотивирачка средина за работа, со воспоставена атмосфера на ред и |

дисциплина. Изработени се кодекси за однесување кои се однесуваат на сите структури: ученици, наставници, други вработени и родители и истите се почитуваат.

Училиштето е инклузивно и на сите ученици (без оглед на способностите, етничка припадност, верата и социјалниот

стасус) им нуди еднакви можности да се вклучат во сите наставни и вонннаставни активности. Ги промовира еднаквоста и

правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно

почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Во правилниците на училиштето се опфатени основните начела за почитување на правата на децата, недискриминација, забрана за психичко и физичко насилство и сл. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата,

правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и

способностите.

Го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирано ученичка заедница на сите нивоа која учествува во донесување одлуки за прашања од непосреден интерес на учениците. Во училиштето има и Ученички парламент и ученички правобранител кои се формирани и избрани согласно Статутот на училиштето и работаат според изготвена годишна програма.

Од особена голема важност за училиштето е комуникацијата помеѓу родителите/старателите, учениците и самото училиште на сите нивоа. Се споделуваат секој вид на информации со родителите на учениците и реализираат идеи на родителите. Родителите континуирано се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес.

Училиштето има континуирана соработка со релевантните институции од областа на воспитно – образовната дејност, со

локалната заедница, јавните установи и деловен сектор.

Во нашето училиште во голема мера се води за севкупна грижа за учениците. Креира сигурна и поттикнувачка околина за

учење и поттикнување на почитување на различностите како база за превенција и заштита од насилство. Се превземаат низа активности кои имаат за цел да истражат дали и во која мера се појавува насилство помеѓу врсниците, со што се создаваат услови за навремено реагирање и справување со истото. Со Кодексот на однесување на учениците им се забранува пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање дрога во училиштето и училишниот двор. Преку воннаставни активности, предавања, работилници врши едукацијата на учениците во врска со начинот на правилна исхрана и употребата на здрава храна.

| |
|---|
| Согласно годишната програма на училиштето се следи целокупното здравје на учениците со цел превенција и заштита од<br><br>несакани здравствени проблеми преку извршени систематски прегледи, превентивни стоматолошки прегледи и зафати и<br><br>редовна вакцинација согласно календарот за имунизација и вакцинација од Министерството за здравство. Систематски и<br><br>санитарни прегледи се извршуваат и кај вработените во училиштето.<br><br>Училиштето има Куќен ред и Кодекси за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите се почитуваат. Училиштето ги идентификува учениците од социјално загрозени семејства за да им се пружи поддршка преку соработка со релевантни институции. Вложува напори да обезбеди сеопфатна грижа за учениците со здравствени проблеми. Училиштето води грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците. Училиштето има изработено програма за професионална ориентација на учениците и им обезбедува јасни и точни информации за продолжување на образованието. |
| **Силни страни**<br><br>Училиштето има позитивна клима<br><br>Училиштето има Кодекси за однесување и Куќен ред со кој се запознати учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни.<br><br>Училиштето има училишен парламент.<br><br>Училиштето има ученик правобранител<br><br>Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина и однесување.<br><br>Училиштето постојано соработува со локалната средина.<br><br>Училиштето е афирмирано преку веб страната, социјалните мрежи и локалните медиуми<br><br>Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.<br><br>Училиштето организира работилници, едукација и наставни и воннаставни активности за превенција од насилството Училиштето организира предавања самостојно и во соработка со организации и институции во врска со превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол.<br><br>Училиштето води грижа за учениците и наставниците за нивното здравје.<br><br>Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства.<br><br>Училиштето води грижа за социо-емоционалната состојба и менталното здравје.<br><br>Училиштето постојано соработува со родителите<br><br>Хигиената во училиштето е на високо ниво.<br><br>Училиштето има Тим за училишна интеграција (ТУИ). |

| |
|---|
| |
| **Слаби страни**<br><br>**Во училишето не е изготвен протокол за заштита и превенција од насилство.** |
| **Приоритети**<br><br>**Да се донесе протоколот за превенција и справување со насилство.** |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Сите членови на УО се со легитимен мандат и имаат поминато обука за својата работа. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Најголем број од родителите (81%) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.<br>Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални училишни мрежи.<br>Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Просторните капацитети се многу добри.<br>Најголем дел од наставниците (72%) се изјасниле дека училиштето многу добро планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонннаставните активности.<br>Училишната библиотека располага со доволно книги за секој ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Картотеката се води електронски. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги, се води во регистар . Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците по распоред во текот на неделата кој е истакнат на видно место .<br>Поголем дел од наставниот кадар е соодветен за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници освен по предметите математика , физика, ФЗО,англиски јазик во албанските паралелки. Училиштето се обраќа до АВРМ со посредување за вработување и со објавување на јавен оглас на соодветен кадар, но во случај кога нема сооодветен кадар се |

| |
|---|
| вработуваат лица со образование сродно на баранато. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови.<br><br>Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.<br><br>Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.<br>Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.<br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |
| **Силни страни**<br><br>Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро.<br>Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.<br>Наставничкиот кадар е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вонаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.<br>Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. |
| **Слаби страни**<br><br>**Училиштето нема нови, современи нагледни средства: компјутери, смарт-табли, смарт телевизори, ЛЦД-проектори, принтери, спортски реквизити, макети, модели, Историски и географски карти, Музички инструменти, списанија, лектири, енциклопедии, образовни софтвери за подобро функционирање на воспитно- образовниот процес и др.**<br><br>**Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците** |

| |
|---|
| **36 % од учениците се изјасниле дека не знаат/немаат информација дали можат да земат книга/лектира во секое време** |
| **Приоритети**<br><br>**Планирање на финансиски средства за набавка на нови, современи нагледни средства.**<br><br>**Изготвување на Правилникот за оддавање признанија на наставниците и негова примена.**<br><br>**Информирање на учениците за работното време на библиотеката.**<br><br>**Преземање мерки и активности за санирање на кровот и дограмата во подрумските простории**. |

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

✦Да се набави опрема и да се овозможат услови за примена и реализација на информатичко – комуникациска технологија во воспитно образовниот процес

✦ Наставата по предметот физичко образование за учениците од одделенска настава во централното и во подрачните училишта да се реализира во соодветни просторни услови и со примена на потребната опрема и реквизити.

✦ Да се планираат со финасиски план и да се обезбедат доволно средства во буџетот за набавка на нагледни средства, опрема, реквизити, и потрошен материјал за потребите и поуспешна реализација на наставниот процес.

✦ Вклучување на учениците во подготвувањето и планирањето на вонннаставни активности.

✦ Да се организира обука за идентификација на надарени и талентирани ученици.

✦ Да се донесе протоколот за превенција и справување со насилство.

✦ Преземање мерки и активности за санирање на кровот и дограмата во подрумските простории во Централното училиште и во подрачните училишта.

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

1. **Менде Темелковски - Директор**
2. **Дивна Темелковска - Наставник**
3. **Оливера Темелковска - Психолог**
4. **Билјана Трајковска - Родител**
5. **Ѓуле Муедини – Родител**

**30.10.2024г.**

**Директор : Менде Темелковски**

**Претседател на УО : Билјана Трајковска**

**М.П**